Уп. бр. 08-19

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Друштво за трговија и услуги ГРС СОЛАР ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. „Славко Јаневски" бр.3/3-3, кат 5/88 Скопје – Центар, доставено преку Адвокатско друштво Георгиевски од Скопје, на седницата одржана на ден 15.01.2023 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Друштво за трговија и услуги ГРС СОЛАР ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Славко Јаневски бр.3/3-3, кат 5/88 Скопје – Центар ќе стекне единствена контрола над Друштво за производство на електрична енергија, трговија и услуги МИТ СОЛАР ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Филип Втори Македонски, бр.2-2, кат МА2/88, Скопје-Центар, по пат на купопродажба на удел, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 14.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), е доставено известување за концентрација од страна на Друштво за трговија и услуги ГРС СОЛАР ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Славко Јаневски бр.3/3-3, кат 5/88 Скопје – Центар, со која Друштво за трговија и услуги ГРС СОЛАР ДООЕЛ Скопје ќе стекне единствена контрола над Друштво за производство на електрична енергија, трговија и услуги МИТ СОЛАР ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Филип Втори Македонски, бр.2-2, кат МА2/88, Скопје-Центар, по пат на купопродажба на удел.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**-Друштво за трговија и услуги ГРС СОЛАР ДООЕЛ Скопје** е друштво со ограничена одговорност со посебна намена основано од Гуриш Иншаат Ве Мухендислик Аноним Ширкети („Гуриш"), дел од групата на компании на Гуриш („Гуриш групација"), со цел за инвестиции во соларни проекти во Северна Македонија.

Гуриш е активен во Турција и во Средна, Источна, Блиска и Централна Азија, Комонвелт на независни држави и во Северна Африка, и има изградено проекти по принцип „клуч на рака" речиси во секоја област во градежната индустрија. Проектите на Гуриш вклучуваат комуникациски проекти и тоа автопати, мостови, вијадукти, железници, тунели, метро, поморски пристаништа и аеродроми; брани, системи за наводнување и прочистување на водата, пречистителни станици за вода и отпадни води, дистрибуција на вода и системи за отпадни води; суперструктурни проекти што опфаќаат индустриски комплекси, објекти производство на бензин и природен гас, рафинерии, хотели, болници, училишта, деловни згради, престижни згради, деловни центри, резиденции, луксузни вили, масовни објекти за домување; електрани кои опфаќаат термоелектрани, хидроелектрични централи, геотермални централи и ветерни електрани.

Гуриш има две поврзани друштва во Република Северна Македонија и тоа:

-Друштво за трговија и услуги КИЧЕЦО ВИНД ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул.„Стив Наумов" бр.3-388 Скопје и со проритетна дејност-производство за електрична енергија и
-Друштво за трговија и услуги СЛН СОЛАР ДООЕЛ Скопје-Центар и со проритетна дејност-производство за електрична енергија.

- **Друштво за производство на лектрична енергија, трговија и услуги МИТ СОЛАР ДООЕЛ Скопје** е друштво со ограничена одговорност со посебна намена основано со цел изградба на фотоволтаичен/соларен проект во општина Демир Капија со номинална моќност од 24.84 MWp (до околу 65 MWp).

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**